# ЗА БЕРОВО
# ГАРАНТИРАМЕ

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сѐ ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сѐ што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Драги сограѓани,

Верувам дека повеќето од Вас ме познавате и со срце и со душа, Ви кажувам дека чест и задоволство ми е што сум кандидат за градоначалник на Општина Берово.

Посебно сум горда што за прв пат во историјата на плурализмот во општината, сум кандидатка, значи можност жена да ја води општината во наредните четири години.

И можеби не сум совршена, но сум храбра во мојот професионален живот и во приватниот, како жена и како мајка да се борам за моето Берово, да застанам пред Вас и да ја побарам Вашата поддршка за мандат.

Почитувани граѓани!

Ние Малешевци сме горди на своето минато и својата историја, ја живееме денешната сегашност каква и да е и треба да донесеме одлуки за нашата иднина, одлуки од кои ќе зависи дали ако добро работиме и нашите деца ќе останат покрај нас, во своите куќи, дали нашите внуци ќе ги шетаме и чуваме во нашите дворови, а не да бидеме онлајн баби и дедовци и дали нашето Берово ќе го врати стариот сјај по што беше препознатливо во Македонија.

Берово загуби многу одлики на град и потребно е прво да вратиме работи кои сме ги имале, а паралелно со нив да донесуваме одлуки за напредок и просперитет, за да одиме напред и како општина да се развиваме.

Пред Вас се наоѓа мојата изборна програма во која еден дел од проектите се мојата визија за подобро и поубаво Берово, но добар дел се и одраз на реалните проблеми кои не мачат сите нас заеднички. Тоа е и разликата помеѓу нас и другите политички партии. Ние нудиме програма со реални проекти кон чија реализација се стремиме. Не нудиме лист хартија на која само се напишани нечии желби.

Се обврзуваме на максимална реализација на проектите од програмата, затоа што сите ние заслужуваме да живееме во здрава животна средина, да имаме економски силна општина во која нашите деца ќе имаат услови за квалитетно воспитување и образование, да имаме соодветна здравствена и социјална заштита за сите, да бидеме повторно препознатливи по културните и спортските достигнувања, да бидеме општина во која ќе има место за секој, без никакви поделби.

Само со лична чест и посветеност, кои ги обединуваат мислата, зборот и делото се решаваат проблемите на граѓаните и само така можеме да ја придвижиме нашата Општина кон својот развој и подем.

Време е граѓаните да добијат локална самоуправа исклучиво во служба на јавниот интерес, локална самоуправа без непотизам и корупција, која ќе се грижи за заштита на природните ресурси и јавни добра.

Да бидеме во чекор со европскиот модел на водење на локалните заедници.

Да бидеме општина – сервис на граѓаните!

Заеднички да ја вратиме светлоста на општината, а ние да бидеме горди граѓани на Општина Берово.

Искрено Ваша,

Елеонора Рашковска

**ВМРО ДПМНЕ** е партија за сите граѓани на Република Македонија.

Во својата четиригодишна програма за локалните избори 2021 ќе се заложиме за:

- Воспоставување на механизми и алатки за унапредена инклузивност и вклученост на граѓаните во работата на општината, непречено консултирање преку веќе воспоставените механизми (референдум, граѓанска иницијатива, собир на граѓани, јавни форуми и дебати) и преку користење на е-алатки, како и поголемо информирање на граѓаните преку активна транспарентност и објавување на сите информации на веб страницата и социјалните медиуми;
- Јакнење на капацитетот на администрацијата, јавните претпријатија и институциите за соработка со граѓанскиот сектор и граѓаните, воспоставување механизам за соработка и финансиска поддршка за проекти на здруженијата на граѓани и обезбедување на социјална/меѓуетничка кохезија особено меѓу младите преку спроведување заеднички активности; континуирана соработка со бизнис секторот во поглед на редовни состаноци, реализација на нивни идеи и бизнис планови;
- Воспоставување редовна практика на мерење на задоволството на граѓаните од општинските услуги преку анкети;
- Длабинска анализа на капацитетите на вработените во општината, институциите и јавните претпријатија за управување со јавни финансии и планирање на ликвидноста на буџетите;
- Целосна интегрална внатрешна контрола и ревизија на јавните средства;
- Понатамошно унапредување на фискалната транспарентност и инклузивност на процесот на буџетирање и креирање на општинските годишни програми и стратегии.

Во својата Програма која ја поделивме на неколку поглавја, **ВМРО-ДПМНЕ** за Општина Берово ќе вложи огромен труд, средства и човечки и интелектуален капацитет за развој на сите овие компоненти.

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА БЕРОВО

## НОВА НАСЕЛБА ЗА МЛАДИ

Општината се обврзува да изгради комплетна инфраструктура, да изработи детален урбанистички план со парцели за станбени објекти за домување, кои ќе бидат целосно ослободени од плаќање на комунален надомест за одобрение за градба, бесплатни типски проекти и симболична цена за купување на градежното земјиште од 1 евро по квадрат, за млади брачни парови.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2024 година

## ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ ЗА НАПЛАТА НА ДАВАЧКИТЕ КОН ОПШТИНАТА

Зајакнување на фискалните капацитети на општините, односно воспоставување на електронски систем за наплата на давачките кон општината, како и тоа да самите обврзници имаат можност да ги следат своите обврски и наплатата на истите, односно увид во финансиска картица.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 - 2025 година

## НИСКИ И РАМНИ ДАНОЦИ

Ниски и рамни даноци и да нема зголемување на општинските даноци

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 - 2025 година

## НОВА СОВРЕМЕНА АВТОБУСКА СТАНИЦА

Дислокација и изградба на нова и современа Автобуска станица по модел на јавно – приватно партнерство и враќање на локалните и меѓуградските линии за превоз на граѓаните на Општина Берово.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година

## ИЗГРАДБА НА МОСТОВИ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ТРИ РЕКИ С.РАТЕВО

Изградба на два моста на локален пат Три Реки во с.Ратево

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2024 година

## БУЏЕТСКИ ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦИТЕ

Граѓаните ќе ги избираат приоритетните проекти кои ќе бидат вметнати во општинската програма.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 - 2025 година

## КВАЛИТЕТНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Покривање со квалитетна канализациона и комунална инфраструктура во целата општина, која подразбира и решавање на проблемите со водоснабдувањето, со крајна цел чиста и здрава вода за пиење до секоја куќа, до секој дом.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2025 година.

## ПАТНА И СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Постојана реконструкција и рехабилитација на постојните улици во Берово и населените места, како и асфалтирање на нови улици, како во Берово така и во населените места во општината, како и континуирано вложување во осветлување на истите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2025 година.

## ТУРИЗАМ

Развивање и вложување за развивање на туризмот во Општина Берово, како препознатливо место и дестинација за одмор во Македонија, па и пошироко.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 - 2025 година.

## ПРЕНАМЕНА НА ДЕЛ ОД КЕЈ НА Р.БРЕГАЛНИЦА

Адаптација и пренамена на дел од паркот на Кеј на река Брегалница во отворена младинска летна сцена, со можност за одржување на концерти, гостување на театарски групи, перфор-

манси и стенд - ап настапи и организирање на локални културни манифестации со наши културно уметнички друштва.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 - 2025 година.

## САНАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ПЛАНИНСКИ И ПОЛСКИ ПАТИШТА

Санација и одржување на планински и полски патишта на територијата на цела Општина Берово, кои се навистина потребни за нашиот крај и нашето поднебје, со што би се спречило брзо ширење на шумските пожари во иднина.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 - 2025 година.

## ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА

Со оглед на тоа што се соочивме со шумски пожари од невидени размери во белите дробови на Малешевијата, за во иднина да не се повтори, неопходно е вложување и инвестирање во човечкиот, институционалниот и возниот капацитет на противпожарната единица во Берово. Општина Берово ќе инвестира и во набавка на лична и колективна опрема на ТППЕ и во набавка на сите неопходни ресурси кои се дел од стандардизираната опрема која треба да ја поседува Територијалната противпожарна единица за успешно секојдневно функционирање на истата.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 - 2025 година.

## НОВИ БИЗНИСИ ЗА МЛАДИ

Поддршката за отворање на нови бизниси за младите од Берово ќе оди преку субвенционирање од страна на општината. Со овој проект се предвидува рестартирање на постојниот Бинис - инкубатор, внатрешно преуредување и овозможување на канцелариски простор за млади претприемачи кои започнуваат сопствен бизнис. Младите претприемачи ќе имаат бесплатна можност да започнат да ги развиваат своите идни бизнис-планови и со тоа да си овозможат и да си ја осигураат својата иднина во Берово.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ЕНЕРГЕТСКО ЕФИКАСНИ ФАСАДИ

Со субвенционирањето за изградба на енергетско ефикасни фасади и ПВЦ прозорци кај старите колективни објекти за живеење ќе ги подобриме условите за живот на граѓаните на Општина Берово. Планирано е субвенционирање и замена на азбестните покриви на колективните и индивидуалните домови преку воведувањето на програмата за локален одржлив развој на Општина Берово.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2025 година.



# 3. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Нашиот стремеж е кон економски силна и просперитетна општина. Општина која ќе овозможи услови за нови инвестиции, нови работни места и повисоки плати за сите граѓани.

Само со целосна посветеност кон работата, со чесни намери, без корупција и непотизам, можеме да обезбедиме развој за подобри услови за живот на граѓаните, за подобар животен стандард и економски развој.

## I. ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

Како ВМРО-ДПМНЕ се обврзуваме дека во наредните четири години ќе дадеме целосна поддршка на иновациите и претприемништвото. Ќе ги подобримена локалните услови за водење бизнис и поддршка на МСП. Воедно се залагаме за донесување на локална стратегија за промоција на странски инвестиции и ќе посветиме големо внимание на давањето на поддршка на занаечиството и малите локални бизниси.

### ИЗГРАДБА НА НОВИ ИНДУСТРИСКИ ЗОНИ

Проектот опфаќа изградба на сообраќајници, изградба на водовод и канализација и поставување на енергетски ефикасни светилки во индустриската зона.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

### ИЗРАБОТКА НА ВОДИЧ ЗА ИНВЕСТИТОРИ

Овој водич ќе ги содржи сите податоци и поволности што ги нуди Општина Берово за инвестирање и развој на локалната економија.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ГАСИФИКАЦИЈА НА БЕРОВО

Со тенденција кон приклучувањето на Општина Берово на гасоводната мрежа ќе се овозможат значително пониски трошоци за греење на домаќинствата и на компаниите, како и пониски трошоци за енергенси на производствените капацитети што го користат гасот.

**Извор на финансирање:** Општина Берово/централна власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

### СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Предвидена е изработка на нова Стратегија за локален економски развој со јасно дефинирани активности и насоки за дејствување, кои во наредниот период ќе бидат целосно реализирани. Ажурирање на податоците во неа и нејзина реализација.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ПОДДРШКА НА МЛАДИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

Предвидена е поддршка на младите за развој на претприемничкиот дух преку орrганизирање на трибини, обуки, саеми и помош при аплицирање за користење на средства од меѓународните фондови. Младите, несомнено, имаат потреба од поддршка и размена на искуства неопходни за постигнување на позитивни резултати и успеси во приватниот сектор.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## II. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА – SMART CITY

Дигитализација на услугите на општините за поголема ефикасност и ефективност.

Со концептот на дигитализација во општината, месеците или годините кои се потребни за одреден документ, решение или одлука, ќе се скратат во денови. Со сето ова освен што ќе се скрати времетраењето на сите постапки, ќе бидат отстранети и сите уцени и злоупотреби кои се јавуваат при остварувањето на граѓанските права, а целиот процес ќе биде отчетен и транспарентен, со што секој еден граѓанин ќе може да го оствари своето право во општината за неколку дена.

## ДИГИТАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Со проектот се планира воведување на бесплатно достапен јавен Wi-Fi, проширување на оптичката мрежа и инсталации низ целата Општина Берово.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ - ДИГИТАЛНА ОПШТИНА

Проектот е замислен како „open data систем, твој документ – наша работа, и ти си дел од процесот". Со истиот ќе им се овозможи на граѓаните на општина Берово брза и ефикасна достапност по електронски пат на сите потребни документи и информации од општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ЕЛЕКТРОНСКО ПРИЈАВУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИ ПРОБЛЕМИ

Веб апликација за пријавување на комунални проблеми поврзани со општинските услуги. Системот ќе овозможи во секое време од денот да се пријавуваат проблеми од типот улици и патишта, улично осветлување, градби, кучиња скитници, водовод и канализација, јавно зеленило итн.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ЕЛЕКТРОНСКА НАПЛАТА НА ДАНОК

Сервис за електронска проверка на даночни задолженија на физички и правни лица. Воведување на модул со можности за преглед и плаќање преку е-платформи за даноци, како и сервис за пријавување на проблеми и жалби при даночните постапки. Сето ова води кон поедноставување на испораката на услугите, подобрување на нивниот квалитет, како со физичкиот така и со електронскиот пристап за граѓаните. Воедно се зајакнува и фискалната дисциплина, без зголемување на давачките.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## Е - ОПШТИНА

Воведување на систем кој ќе овозможи во секое време од денот, преку интернет порталот на општината или компатибилно мобилно решение, да се пријави комунален проблем кој општинските служби ќе се обидат да го решат или да ги информираат граѓаните до каде е решавањето на проблемот во најкраток можен рок.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## СОФТВЕР ЗА ЕЛЕКТРОНСКА АРХИВА

Софтвер за канцелариско и архивско работење со веб базирано решение за електронско следење на сите предмети поврзани со работата на локалната самоуправа.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## СИСТЕМ ЗА ДИГИТАЛНО УПРАВУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ

Воведување на систем за дигитализација на општинските услуги и сите административни процеси, кој ќе овозможи навремено и квалитетно завршување на обврските на граѓаните и работните задачи на администрација.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 4. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТРУКТУРА

Модерна и инфраструктурно поврзана општина е предуслов за економски развој, но и за подигнување на животниот стандард на граѓаните. Пристапноста и достапноста до секој еден дом, ќе биде наша обврска.

## I. ИНФРАСТРУКТУРНА ПОВРЗАНОСТ (ЛОКАЛНА И РЕГИОНАЛНА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОВРЗАНОСТ)

### ➤ РЕГУЛАЦИЈА НА СООБРАЌАЈНИОТ РЕЖИМ СОГЛАСНО СО ИЗРАБОТЕН СООБРАЌАЕН ПРОЕКТ ЗА ОПШТИНА БЕРОВО

Регулација на сообраќајниот режим согласно со изработен Сообраќаен проект за Општина Берово.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ➤ ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА СО ЦЕЛ ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ ЗА СИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО СООБРАЌАЈОТ

Проектот опфаќа поставување на хоризонтална и сообраќајна сигнализација со цел

Подобрување на безбедноста во сообраќајот за сите учесници.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** континуирно секоја година.

### ➤ АСФАЛТИРАЊЕ, РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА УЛИЦИ ВО ОПШТИНА БЕРОВО И ПОПЛОЧУВАЊЕ СО БЕКАТОН

Предвидено е асфалтирање, реконструкција и рехабилитација на улиците на територија на Општина Берово, секаде каде што ќе се појави одреден проблем. Целта е да не остане ниту една улица која што не е новоизградена, реконструирана или проширена.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

### КРУЖНА РАСКРСНИЦА НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ БЕРОВО – СТРУМИЦА

Изградба на кружна раскрсница на локалната улица „Борис Кидриќ“, која опфаќа и дел од регионалниот пат Берово – Струмица

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## II. УРБАНА ИНФРАСТРУКТУРА (ИНВЕСТИЦИИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ГРАДЕЊЕ НА МЕСТА ЗА РЕКРЕАЦИЈА)

### ИЗГРАДБА НА ВТОРА ФАЗА ОД ЛОКАЛЕН ПАТ ЗА ТУРИСТИЧКА НАСЕЛБА АБЛАНИЦА

Изградба на втора фаза од локален пат за Туристичка населба Абланица – втора фаза, со соодветни обележани и тампонирани патеки за пешачење, обележани велосипедски патеки за ридско планински велосипедизам и обележани патеки за мотоциклисти

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

### ОДРЖУВАЊЕ И СООДВЕТНО ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ КАКО И ПАТЕКИТЕ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ И МОТОРИ

Одржување и соодветно обележување на постојните пешачки патеки како и патеките за велосипеди и мотори, збогатени со летниковци, клупи за седење и одмор до Беровско езеро

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ИЗГРАДБА НА ДВА МОСТА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ТРИ РЕКИ ВО С.РАТЕВО

Изградба на два моста на локален пат Три Реки во с.Ратево, поради потребите на локалното население

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2024 година.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА МАРШАЛ ТИТО И КАНАЛИЗИРАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА ВОДА НА ИСТАТА ВО С.РАТЕВО

Асфалтирање на улица „Маршал Тито“ и канализирање на атмосферска вода на истата во с.Ратево, зошто месното население има проблеми поради немањето на атмосверска канализација

**Извор на финансирање:** Програма за финансиска поддршка на рурален развој

**Рок на реализација:** 2022 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ДО СЕЛСКИТЕ ГРОБИШТА ВО С.СМОЈМИРОВО

Реконструкција и изградба на локален пат до селските гробишта во С.Смојмирово, затоа што е потребен за локалното население.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/ Програма за финансиска поддршка на рурален развој

**Рок на реализација:** 2024 година.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ БЕРОВО – ВЛАДИМИРОВО

Асфалтирање на локален пат Берово – Владимирово за потребите на локалното население .

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/ Централен буџет

**Рок на реализација:** 2023 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОШИРУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ЏЕРДОВИ ВОДЕНИЦИ – РУСИНОВО

Реконструкција и проширување на локален пат Џердови воденици – Русиново. Локалниот пат е многу тесен и со проширување, локалното население нема да има проблеми.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/ Централен буџет

**Рок на реализација:** 2024 година

### ИЗГРАДБА НА ПРИСТАПЕН ПАТ ДО СЕЛСКИТЕ ГРОБИШТА ВО С.РУСИНОВО

Изградба на пристапен пат до селските гробишта во с.Русиново за потребите на локалното население.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/ Програма за рурален развој

**Рок на реализација:** 2022 година

### ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ДО МАНАСТИРОТ СВЕТИ МАРКО ВО С.РУСИНОВО

Изградба на локален пат до манастирот Свети Марко во с.Русиново за потребите на локалното население.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/ Централен буџет

**Рок на реализација:** 2023 година

### АСФАЛТИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ БЕРОВО – ВЛАДИМИРОВО

Асфалтирање на локален пат Берово – Владимирово за потребите на локалното население .

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/ Централен буџет

**Рок на реализација:** 2023 година.

## III. УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

### ЕЕ НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ЦЕЛАТА ОПШТИНА СО ЛЕД-СВЕТИЛКИ

Преку промена на сите улични светилки со ЕЕ ЛЕД - светилки, освен што ќе се подобри квалитетот на уличното осветлување, значително ќе се намали и трошокот за електрична енергија кој Општината во моментов го издвојува од својот буџет.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година..

### ИЗГРАДБА НА НОВИ СИЈАЛИЧНИ МЕСТА ВО СЕЛАТА КАДЕ ШТО НЕМА ОСВЕТЛУВАЊЕ

Континуирано поставување на нови сијалични места на територијата на Општина Берово, како и со редовна замена на постојните светилки.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## IV. УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

### ИЗГРАДБА НА МИНИПАРК ВО БЕРОВО

Овој проект ќе опфати изградба на минипарк со поставување на нова урбана опрема, осветлување и детски реквизити.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2025 година.

### ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ДВОРОВИТЕ НА ОПШТИНСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Со овој проект ќе продолжат инвестициите за уредување на училишните дворови и нивно одржување.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ

Со изградбата на системот ќе се овозможи постојано наводнување на зелените површини, а ќе се олесни и начинот на одржување на зеленилото.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

# V. КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ

## РЕШЕНИЕ ЗА ПОСТОЈАНО ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА РУРАЛНИТЕ ЗОНИ ВО ОПШТИНА БЕРОВО

Реализација на проектот за регулирање на водоснабдувањето на руралните зони од Општина Берово, со што ќе се стави крај на рестрикциите во водоснабдувањето на граѓаните во овие населени места.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/ Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ИЗВЕДБА НА АТМОСФЕРСКИ КАНАЛИ

Планирана е изведба на атмосферски канали на секоја улица во општината каде што се јавува проблем со атмосферските води.

Одржување, реконструкција и подигање на нови зелени површини, паркови, дрвореди, парк шуми и слично

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2025 година.

## КАНАЛИЗИРАЊЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ ВО С.МИТРАШИНЦИ, С.БУДИНАРЦИ, С.МАЧЕВО, С.РАТЕВО И С.ДВОРИШТЕ И ЗАМЕНА НА АЗБЕСТНИ ЦЕВКИ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО ОПШТИНАТА

**Извор на финансирање:** 2021 – 2025 година.

## ПРОШИРУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИ РЕЗЕРВОАР ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО С.РУСИНОВО И С.ДВОРИШТЕ

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/ Меѓународна финансиска институција

**Рок на реализација:** 2023 година.

### РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО С.РАТЕВО, ПРОЕКТОТ ПРЕДВИДУВА ИЗГРАДБА НА РЕЗЕРВОАР СО КАПЦИТЕТ ОД 250 М3 И ДОВОДНА ЛИНИЈА ОД ФИЛТЕР СТАНИЦАТА ВО БЕРОВО, ДО СЕЛОТО РАТЕВО

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/ Меѓународна финансиска институција

**Рок на реализација:** 2024 година.

## VI. ОДРЖЛИВ УРБАН РАЗВОЈ (НОВ ОДРЖЛИВ КОНЦЕПТ НА УРБАНИЗАЦИЈА И ДОМУВАЊЕ)

### ДОНЕСУВАЊЕ НА НОВИ ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Изработка на повеќе детални урбанистички планови за делови од градот и населените места, како и изработка на нови за местата за каде што нема изработено ДУП.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

### ИЗРАБОТКА НА ГИС-СИСТЕМОТ ЗА БЕРОВО

Создавањето на ваков систем е од огромна важност за достапноста на податоците кои постојано ги следат граѓаните и компаниите.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ИЗРАБОТКА НА КОМПЛЕТНА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО ОПШТИНА БЕРОВО

Урбанизацијата е предуслов за развој на секое населено место. Ќе ставиме крај на непланираните градби и урбанистичкиот хаос.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2024 година.



